ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E VETERINERËVE TË MAQEDONISË SE VERUIT
VETERINARY CHAMBER OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
ул.16 Македонска Бригада бр. 2-3 Скопје, тел. 02 60 92592
ul.16 Makedonska Brigada br.2-3 Skopje, tel. +389 02 60 92592

До
Д-р Николче Бабовски, Директор на
Агенција за храна и ветеринарство
3-та Македонска бригада 20
1000 Скопје, Северна Македонија

Ветеринарна комора на
Република Северна Македонија
Бр. 03-71/1
08.04 2022 год.
СКОПЈЕ

Почитувани ,

По добиениот предлог Закон за именување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство, Ветеринарна комора го доставува следното:

## МИСЛЕЊЕ

Со оглед на добиениот предлог Закон за именување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство , во кој експлицитно стои дека АХВ како предлагач на измените, ги исклучува Ветеринарните амбуланти од системот на спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство Ветеринарната комора го искажува својот став во кој потполно се спротивставува на оваа идеја и ја смета како потполно негативна иницијатива, која ќе нанесе исклучителна штета врз работењето на повеќе од 60 ветеринарни амбуланти кои досега имаа склучено договори со АХВ за извршување на овие активности, а ќе придонесе за унишутвање на веќе воспоставениот систем на ветеринарни друштва.

Имено, сите знаеме за претходната состојба, пред 2013 година, кога во нашата држава постоеше дискриминирачка состојба, кога огромен број на ветеринарни друштва кои покрај куративата не можеа да им ја пружат комплетната услуга на своите коминтенти, да потсетам: земање на крвни проби за дијагностика на бруцелоза, вршење на туберкулинизација, вакцинации и вршење на идентификација и регистрација. Таа ситуација даваше прилично лоша слика пред фармерите, за кои не беше јасно зошто некој кој врши царски рез на неговата крава, нема право да изврши идентификација на неговото теле или да земе еднаш годишно крвна проба од неговата крава.

Го сметам за исклучително позитивен настан во историјата на ветеринарната служба во Македонија, после носењето на законот за приватизација на ветеринарната служба и моментот кога се послуша гласот на мнозинството за укинување на

„монополот“ врз активностите од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните. Во нашата држава се покажа дека сите ДВМ се еднакви и остваруваат исти права, но и обврски, што допринесе кон одржување и развивање на мрежата на ветеринарни друштва. Првпат се почувствува дека нема поделба на т.н. „големи и мали друштва“, се прекинаа претходните негативни релации помеѓу самите друштва, а кои како причина ја имаа претходната неправедна положба во законот.

Она што сакаме посебно да го потенцираме е дека со давањето можност на ветеринарните амбуланти за извршување на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните, се постигнаа исклучително позитивни последици во ветеринарната служба, а тоа се:

- Се постигна конечно услугите на една фарма да ги извршува едно ветеринарно друштво, кое даде поинаква слика за ветеринарната служба во нашата држава пред самите фармери, за консолидираност, уедначеност и континуитет во работењето;
- Право на слободен избор на сточарот и доколку е незадоволен да може да изврши промена, а не да му се налага со кое ветеринарно друштво треба да потпише договор и мора да работи, нешто кое беше својствено за еден бивш систем кога не постоеше пазарно стопанство (монополско работење),
- Доведе до подобра контрола и заштита на здравјето на животните ( оној кој е секој ден на фармата, најдобро ја познава здравствената состојба на животните и најбрзо може да реагира при појава на разни опасни заболувања, а не некој кој доаѓа еднаш годишно на фармата),
- Се овозможи постоење на ветеринарни друштва и во помалите населени места, каде предходно немаше интерес за нивно постоење,
- Во потполност се изгуби појавата на притисоци, уцени, закани и опструкции врз фармерите од страна на овластените „големи“ ветеринарни друштва, за тоа дека мора да работат и куратива со нив, дека нема да им земаат крвни проби ако не работат со нив, дека нема да земаат субвенции, итн, исклучително лоша слика и појава, која се корегира со изедначување на друштвата за вршење на јавни активности,
- Ја подобри економската стабилност на многу ветеринарни друштва вршејќи редистрибуција на средствата за здравствена заштита и на тој начин го поддржи развојот на ветеринарната служба,
- Овозможи поголема дистрибуција на ветеринарни друштва по целата територија на Р. С. Македонија,
- Придонесе кон поголема инклузија на ДВМ во запознавањето, информирањето и справувањето со заразните болести во нашата држава, што е од исклучителна важност за една држава, кога истата располага со доволен број на стручни лица одговорни за спроведување на сите активности, но и одржува и развива една служба која ќе биде потребна и за во иднина и покрај очајните услови во сточарството,
- Се изврши револуционерен скок во квалитетот и брзината на извршување на активностите за идентификација и регистрација на животните, но и во процесот на

регистрирани движења на животните, затоа што на сопствениците им стана многу подостапна и поедноставна услугата,

- Се даде огромен сигнал на сите ново дипломирани ДВМ дека имаат право и шанса и тие да се појават на пазарот со сопствени ветеринарни друштва,

- Се подобри и олесни работењето на ВКМ со тоа што веќе исчезна огромната поделеност во членството, која постоеше заради огромната нееднаквост на ДВМ поради неможноста да бидат еднакви пред законот и државата, чувствувајќи фрустрираност и разочарување за таа положба,

- Се даде поттик за консолидирање и регулирање на многу нерегулирани вработувањата кај ДВМ, а не да работат само по потреба односно сезонски само додека има јавни активностите.

Носењето на секој нов закон треба да донесе нов квалитет во државата, задоволство кај сопствените граѓани, чувство на правда и рамноправност, подобрување на состојбите во областа каде се носи, а не да предизвика негативности по сите аспекти. Ако законот кој се носи предизвикува општо незадоволство на оние на кои се однесува, тогаш не постои цел која го оправдува неговото носење.

Самиот факт дека зборуваме за губење на права, нееднаквост, враќање назад на еден процес кој прогресивно почнал да се движи пред десетина години, ни кажува дека станува збор за еден ретрограден, назаден процес, кој ќе предизвика големи негативни појави во ветеринарната служба.

Гледајќи ги позитивните придобивки на законот донесен пред десетина години, можеме со сигурност да ги претпоставиме и сите негативни страни кој ќе ги предизвика, наспроти желбата и мотивот на предлагачите за враќање назад во времето, кое успешно сме го надминале:

- Повторно ќе се воведе хаос во извршувањето на услугите за фармерите, едно ветеринарно друштво за куратива, друго за активности по годишна наредба и појава на опасност за губење на континуитетот во следењето на заразните болести ( тој што е секој ден на фармата е исклучен од системот за следење на болестите особено значајни за државата),

- Фармерите го губат правото на избор на "матичен ветеринар" кој комплетно ќе им пружа услуги на нивната фарма, рушење на еден воспоставен систем на идентификација на животните и контрола на заразните болести, наметнување на ветеринарни друштва со кои истите не сакаат по никој основ да соработуваат,

- Рушење на воспоставените договорно-доверителски односи помеѓу ветеринарните друштва и фармерите, со што директно ќе се предизвикаат огромни финансиски штети на ветеринарните друштва, заради неможност истите да ги наплатат своите побарувања,

- Повторно воведување на една нееднаквост помеѓу ветеринарните друштва, враќање на ситуацијата на „тендерски" и „нетендерски", губење на заедничките интереси во службата, правење вештачки состојба едните на другите да гледаат као непријатели на терен, огромно отежнување во работењето на ВКМ, имајќи ситуација во

членството со потполно спротивставени интереси, како што беше состојбата пред 2013 година,

- Појава на една грда слика на притисоци, уцени, ограничувања, закани од страна на „големите ветеринарни друштва", дека мора само со нас да работиш и со никој друг, што ќе предизвика револт кај фармерите, нарушување на угледот на ветеринарната професија, а и на органот кој му го дава правото за ексклузивитет,

- Сите знаеме дека бројот на домашни животни во претходните години доживеа огромен пад, така да бројот на матични грла по ветеринарни друштва драстично опадна, па во таква ситуација можеме да замислиме што ќе се случи во општини каде има регистрирано само амбуланти со 100-200 матични говеда, а истите според вашиот предлог треба да преминат во клиники со поголем број на вработени, а знаеме дека едвај преживуваат и немаат шанса да се трансформираат заради економска неисплатливост,

- Мислењето на некој, дека друштво од друга подалечна општина ќе ги врши активностите по годишна наредба, во општина каде нема регистрирано друштво со договор, го става процесот секогаш во неизвесност, непознавање на теренот, недоверба од локалните фармери, каснење на идентификацијата и регистрацијата на животните, неможност за следење на процесот на движење на животните и појава на „движење или колење на животните на црно",

- Директно ќе се предизвика затворање на многу ветеринарни амбуланти (се надеваме дека немате таква цел), ќе допринесе за зголемување на незадоволството кај ДВМ и губење на голем дел од нив во службата,

- Директно ќе го поттикнете процесот на фиктивни вработувања, а друштвата реално ќе работат со истите вработени ( ќе се направи хаос во обидот некои од нив да се пререгистрираат, со тоа што голем број од нив ќе пробаат тоа да го направат со фиктивни вработувања),

- Реално не постои вишок на ДВМ кои ќе бидат искористени во процесот на пререгистрација, посебно не оние кои би работеле во рурални средини, такви повеќе не постојат или се бројат на прсти,

Гледајќи ја целокупната ситуација во која се наоѓаме како професија, економската ситуација на државата, здравствената криза која сеуште трае, глобалната закана по економската одржливост на државата, огромниот пад на бројот на домашни животни, најавата за доаѓање на тектонски пореметувања, посебно во земјоделското производство, сметаме дека е крајно несоодветно, непрактично и непотребно носење на промени во Законот за ветеринарно здравство, со кој ќе се предизвика уништување на иднината на многу ветеринарни друштва, кои и онака се на работ на егзистенција и можеби е само прашање на време кога ќе почнат и сами да ги затвораат своите објекти.

Според сите релевантни меѓународни проценки, заради новонастаната воена криза, се очекува екстремна криза во производството на храна, криза која што никој во државата не треба да ја поткрепи и со пореметување на веќе постоечките етаблирани системи во ветеринарното здравство.

Затоа, апсолутно сме против воведување на промени во Законот за ветеринарно здравство, со кои што се исклучуваат ветеринарните амбуланти од системот на спроведување на активности од јавен интерес или бараме одложување на мерката на неодредено време, кога веруваме дека состојбата во сточарството ќе биде многу појасна, со надеж дека нема да има ваков тренд на опаѓање, во спротивно нема да има потреба од постоење на било какви ветеринарни друштва кои би работеле со домашни животни.

Ја поддржуваме секоја промена која ќе го подобри квалитетот на услугите и секако, се согласуваме со мерката воведување на условни грла по вработен ДВМ, како што беше и во претходниот договор ( пр. 1500 говеда по ДВМ или некоја друга бројка која предлагачот ќе ја предложи), но во рамките на постоечките друштва, без исклучување.

Со надеж дека ќе наидеме на разбирање, а се во полза на сите нас и на нашата држава, уште еднаш апелираме заедно да ги премостиме овие тешки кризни времиња, покажувајќи солидарност, а пред се колегијалност и овозможување на опстанок на сите нас.

Со почит,

Во Скопје, 08.04.2022 год.

Ветеринарна комора на РС Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Д-р Томислав С. Николовски

ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА
на Република Северна Македонија
Скопје
Shkup
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
DHOMA VETERINARE